# Службен гласник

## на општина Валандово

Број 5 15 Мај 2019 година, Среда

www.valandovo.gov.mk

**Совет на општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште ................1
2. **Одлука** за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште ......................................................1

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште, што Советот на Општина Валандово ја донесе на вонредната седница, одржана на ден 15.05.2019 година.

Бр.09-492/2 Градоначалник
15.05.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 97 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на

Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на вонредната седница одржана на ден 15.05.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово го ослободува од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште, инвеститорот Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Скопје, за изградба на објект „Систем за наводнување Валандово, КО Градец, Ко Јосифово и КО Пирава.

Член 2

Уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура да бидат на товар на инвеститорот.

Член3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-63/2 Совет на Општина Валандово
15.05.2019 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---